Николина КЕНИГ

УДК: 159.964.2
159.9.01

# ГЕНЕРАЛИЗИРАЊЕТО ВО КВАНТИТАТИВНИТЕ И ВО КВАЛИТАТИВНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

*Да се генерализира, значи да се мисли.*
Г. Хегел

***Кратка содржина***

*Текстот ги дискутира разликите во дефинирањето и користењето на генерализациите од страна на приврзаниците на квантитативниот и квалитативниот метод во областа на психологијата. Образложени се претпоставките кои кај двата пристапи генерираат спротиставени гледања на можноста за генерализација, нејзината употребна вредност, но и нејзините импликации врз креирањето на политики кои ги уредуваат односите меѓу луѓето. На крајот се изнесени алтернативни стратегии за генерализирање, во рамките на кои двата методолшки пристапи се приближуваат еден до друг – квантитативниот, преку релативизирање на сигурноста на воопштувањата, а квалитативниот, со признавање на важноста на генерализирањето за можноста да се интервенира врз основа на наодите.*

***Клучни зборови**: ГЕНЕРАЛИЗАЦИЈА, КВАЛИТАТИВЕН МЕТОД, КВАНТИТАТИВЕН МЕТОД, ЕКСТЕРНА ВАЛИДНОСТ, ТРАНСФЕРАБИЛНОСТ*

## Квантитативниот метод и позитивистичката платформа

Првата епистемолошка парадигма во рамките на која психологијата добива третман на научна дисциплина е позитивистичката. Базичните методолошки претпоставки на логичкиот позитивизам може да се сумираат во следниве тврдења дефинирани од страна на John S. Mill (1843, според Lincoln & Guba, 1985) во деветнаесеттиот век: (а) со оглед на тоа дека природните и општествените науки имаат иста цел – откривање на генерални законитости и предвидување - би требало да имаат и идентична методологија за доаѓање до таа цел, (б) општествената реалност е сосема малку покомплексна од природната, но и таа може да се дефинира директно низ емпириски категории, и (в) големите примероци ги поттиснуваат специфичностите и ги откриваат генералните причини или крајните природни закони.

Главното пак онтолошко стојалиште на позитивизмот е дека реалноста е речиси фиксна и постои независно од субјектот и дека таа може да се раздели на ситни единици за да се проучи, па потоа, без последици по валидноста на сознанијата, да се добие слика за целината врз основа на осознените делови. Оттука, иако индивидуалните напори да се осознае реалноста можеби се само делумно точни искази за реалноста, зголемувањето на корпусот истражувања најнакрај ќе доведе до нејзино осознавање. Порано или подоцна, многубројните наоди ќе се соединат и ќе се оформи една целосна и точна слика за реалноста. Ова е можно, бидејќи таа се третира како проста сума од нејзините делови. Затоа, типично уверување за позитивистички ориентираните психолози, особено во раните развојни фази на науката, е дека колку повеќе истражувањата се повторуваат во различни контексти и со различни примероци, толку се доаѓа поблиску до вистината. При тоа, сето она што не може да подлегне на квантификација (мерење), односно на операционализација, има третман на појава која е „метафизичка" или барем надвор од полето на научниот интерес и евентуално, „го чека времето" кога ќе се најде соодветен начин на мерење за да стане предмет на истражување.

За позитивистички ориентираните психолози, релативната непроменливост на реалноста и нејзината независност од субјектот има и друга добра страна - потенцијалната можност на истражувачите, доколку доволно се дисциплинираат, да бидат сосем објективни, односно, да се оградат од своите претходни искуства, желби, очекувања и вредности во текот на целиот истражувачки процес, а особено при анализата и интерпретацијата на податоците. Се смета дека ваквата вредносна неутралност на истражувачот, којашто всушност го претставува идеалот на пожелното однесување на научникот кога го осознава она што го проучува, им дава на стекнатите сознанија статус на објективни и вистинити.

Во рамките на оваа парадигма, основната задача на психологијата се дефинира како *предвидување и контрола на човековото однесување*, бидејќи се верува дека релациите во социјалниот свет, како и другите појави во природата, го следат моделот на линеарни причинско-последични врски. Најпреферираниот метод на истражување е експерименталниот, бидејќи тој би требало, на ист начин како и во областа на природните науки, да овозможи директно заклучување за влијанието на независната варијабла (причина) врз зависната (последица), затоа што со него се обезбедува контрола на сите останати релевантни фактори кои се потенцијални причини на испитуваната појава. Но, и неексперименталните методи се насочени кон истата истражувачка цел, иако се третираат како помалку сигурни поради тоа што е многу потешко да се елиминира можноста други ва-

ријабли (освен оние кои се мерат во конкретното истражување) да имаат улога на причина во претпоставениот каузален однос. Сепак, заеднички и за експерименталните и неекспериментални квантитативни истражувања е уверувањето дека тие водат кон сознанија за реалноста кои се независни од субјектот што ги осознава, под услов истражувачот да успее да се контролира во однос на своите желби и очекувања, и да нема никакво влијание врз предметот на изучување во процесот на прибирање на податоците и интерпретацијата на наодите.

Поради настојувањето психологијата како наука да обезбеди предвидување и контрола на однесувањето, во позитивистичката парадигма за особено важна задача се смета *изнаоѓањето на универзалните обрасци на однесување* кои важат за сите луѓе, култури и времиња. Затоа, како клучни прашања во истражувањето се третираат проблемите на репрезентативност на примерокот и можноста за генерализација на популацијата од која тој е извлечен. Тој став доведува до изразена преференција за номотетски наспроти идиографски нацрти, односно истражувања во кои се вклучени голем број испитаници, наспроти такви во кои има малкумина или само еден испитаник.

## Квантитативниот метод и екстерната валидност

Поради сите наведени карактеристики, позитивистичката платформа е нераскинливо поврзана со квантитативниот истражувачки пристап, кој и денес, четири децении по „наративниот пресврт" или „парадигматската револуција" во психологијата (Whittemore et al., 2001), претставува доминантна истражувачка стратегија во академската психологија. Иако неповторливоста на индивидуите не е дискутабилна и за најортодоксните приврзаници на квантитативниот метод, психолошките емпириски истражувања коишто се потпираат на квантитативни податоци, de facto се спроведуваат за да се пронајдат *универзалните законитости* кои не важат само за еден поединец во одредено време и контекст, туку за целата класа репрезентирана преку примерокот и за услови многу поšироки од оние во кои се прибирани податоците. Ова настојување сосема природно произлегува од главната задача на науката формулирана во рамки на етосот врз којшто се потпира доктрината на квантитативниот метод, кој пак наложува контролата и предвидувањето на однесувањето да се самата смисла на тоа зошто се истражува. Затоа, се вели дека основата врз којашто се прават предвидувањата со помош на квантитативниот модел е токму можноста за генерализирање (Lincoln & Guba, 1985).

Позитивистичката платформа ги дефинира генерализациите како тврдења кои „мораат да бидат вистински универзални, неограничени со време и простор...и го формулираат она што е случај секогаш и секаде, тогаш кога се задоволени соодветни услови" (Kaplan, 1964, стр. 91). Овие генерализации се наречени и *номолошки*, или генерализации кои обезбедуваат сигурна предикција токму затоа што се засновани на некоја законитост (Freeman, *et. al.*, 2007).

Иако постојат автори кои сметаат дека екстерната валидност не е најважното прашање за експерименталните истражувачи (Mook, 1983, според Петроска-Бешка, 1994), прашањето на смисленоста или бесмисленоста на едно квантитативно истражување всушност може да се сведе на тоа дали е обезбеден овој вид на валидност. Во спротивно, сите процедури што се преземаат за да се направи што е можно поголемо доближување до природните науки, како што се случајното бирање и/или назначување на примерокот и примена на статистичко заклучување коешто се базира на принципите на веројатност (заради грешка на примерокот), како и повторување на истражувањата во други околности, би биле навистина непотребни.

Во квантитативниот пристап, на екстерната валидност на истражувањето се гледа како на комплексен спој од три критериуми или аспекти (Петроска-Бешка, 1994; Brewer, 2000). Едниот е *популациската валидност*, а се однесува на можноста да се генерализира од примерокот на популацијата, која се остварува на тој начин што се преземаат чекори за обезбедување на репрезентативност на примерокот за популацијата така што се користи стратегијата на случајно бирање и се води сметка бројот на испитаници да биде доволно голем за да може да ги опфати сите релеванти индивидуални варијации. Вториот аспект на екстерната валидност е *еколошката валидност* која се смета за задоволена тогаш кога наодите од истражувањето не важат само за тесниот контекст во кој се добиени податоците (често вештачки, односно лабораториски), туку и за други, пошироки околности. Можноста да се генерализира од еден на друг контекст се обезбедува или преку создавање услови во кои се врши истражувањето што е можно послични со околностите на кои треба да се однесува генерализацијата (теренски експеримент), или преку повторување на истражувањето во нови контексти. Третиот аспект, дефиниран релативно подоцна, е наречен *временска валидност* и се однесува на можноста наодите да се генеразлизираат надвор од временската рамка во која е изведено истражувањето[1]. Најнакрај, вреди и да се напомене

[1] Оваа компонента на екстерната валидност, сепак, не се однесува на важењето на наодите *низ времето*. Една од главните критики на призврзаниците на квалитативниот метод на самата корисност од генерализирањето се однесува токму на тоа дека она што важи во одреден временски период за одредена група луѓе, освен ако не е тривијално нешто, престанува да важи многу наскоро (Guba & Lincoln, 1985).

дека вака дефинираната екстерната валидност пред сè се однесува на експерименталните нацрти, но аналогно може да се однесува и на неексперименталните квантитативни истражувања бидејќи тие се базираат на експерименталниот модел како на идеален.

**Квалитативниот метод и конструктивистичката платформа**

Приврзаниците на квалитативниот метод коишто во седумдесеттите години на дваесеттиот век се појавуваат повеќе како алтернатива на академската психологија отколку како нејзин противник рамноправен според сатусот, жестоко ја проблематизираат соодветноста на основните претпоставки на логичкиот позитивизам за општествените науки, а особено за психологијата. Клучна точка на дебатата помеѓу квантитативниот и квалитативниот „табор" е сфаќањето за постоење фиксна објективна реалност, која е прифатена од страна на „научните реалисти, традиционалните емпирицисти и зошто да не, од повеќето обични луѓе вклучувајќи ги и децата постари од две години" (Greenwood, 1994, стр.16), а уште повеќе, гледиштето на позитивистите дека физичкиот и социјалниот свет се во суштина идентични.

Во рамките на неколку школи (критичка психологија, феминизам, социјален констриктивизам) коишто го отфрлаат доминантниот модел на академската психологија (вклучително и квантитаивниот метод), изработен е добро аргументиран корпус од докази дека социјалната реалност *се конструира* низ меѓучовечките интеракции, па затоа, нејзиното проучување не може да се прави по аналогијата на проучувањата во доменот на природните науки. Во што всушност се состои јазот помеѓу конструктивистите и позитивистите во однос на ова прашање? Наивниот реализам кој произлегува од позитивистичката платформа, упатува на тоа дека светот постои надвор од умот на оној којшто го сознава и дека научните категоризации и дефиниции успешно ја отсликуваат таа стварност (Stojnov, 2001). Конструктивистите пак, тврдат дека токму низ категоризациите стварноста се *создава* а не се осознава. Научните категоризации значи, претставуваат само еден можен вид на уредување на стварноста, односно една можна перспектива (најчесто на повластен општествен слој) и „средство на дискурзивно вообличување на светот", а не негов сеопфатен, а камо ли апсолутно вистинит опис (Stojnov, 2000). Така, додека за првите битието е тоа кое се осознава, за вторите, границата меѓу доменот на онтологијата и на епистемологијата сериозно се доведува во прашање, бидејќи битието е редуцирано на нашето знаење за

него. Со други зборови, предметот на проучување на психологијата се апстрактните (колективни или персонални) конструкции на светот а не реалноста издвоена од нив.

### Квалитативниот метод и отфрлање на генерализациите

Дел од приврзаниците на квалитативниот метод сосема ја отфрлаат идејата за можноста и/или корисноста од генеразлизирање. Најочигледниот проблем поврзан со класичниот концепт на генерализација (онака како што е дефиниран од страна на Kaplan) е неговата поврзаност со претпоставката за детерминизам во социјалниот свет, односно, за постоење на цврсти и повторливи врски меѓу елементите кои го сочинуваат. Третирањето на сферата на човечките интеракции на таков механицистички начин е потполно неприфатливо за платформата врз која, според квалтативно ориентираните методолози, би требало да оперира психологијата.

Згора на тоа, уште еден проблем станува очигледен кога во практиката ќе дојде до спротиставување на концептот номолошко (врз основа на кој се прават генерализациите) со идиографското (индивидуата на којашто би требало да се однесува генерализацијата). Lincoln & Guba (1985) ја илустрираат ова дилема со следнава хипотетичка ситуација: ако замислиме дека една пациентка ги соопштува симптомите од кои страда, а лекарот заклучи (врз основа на моделот на генерализација) дека тоа се токму симптомите опишани кај 90% од болните од рак на цервиксот, дали ќе го сметаме за разумен и добар професионалец ако наместо да ја прегледа (идографски пристап), веднаш ја оперира? Се разбира, овој пример е драстичен, но на многу сличен начин, бројни генерализации може да се покажат како неупотребливи на конкретни поединци во практиката на психолошката професија.

Тврдењето за конструираноста на социјалниот свет носи и други последици во однос на интересирањето на квалитативниот метод за прашањето на екстерната валидност на истражувањата. Ако реалноста која е предмет на проучување на општествените и хуманистичките науки не може да биде универзална, туку е нужно фрагментирана, партикуларна и плурална, правењето широки генерализации за човековото однесување, особено за оние облици кои не произлегуваат директно од неговата биолошка природа, ниту е оправдано ниту е пожелно. Зошто? Феминистичките и постколонијалните теоретичар(к)и тврдат дека генерализациите се повеќе резултат на идеали отколку на емпириски податоци

(Хардинг, 2005) кои се во функција на одржување на поредокот онаков каков што е – удобен за малкумина а одвај подноослив за маргинализраните групи. Следејќи ја истата линија на резонирање, во книгата *Трансформирање на знаењето*, Minnich пишува: «Коренитиот проблем се препојавува во различни прикриени облици на сите полиња низ доминантните традиции. Едноставно, додека мнозинството од човештвото било исклучено од образованието и од креирањето од она што се нарекува знаење, *малкумината доминантни не само што се дефинирале себеси како универзална врста на луѓе туку, исто така, и како норма и идеал.* Неколку привилегирани мажи се прогласиле себеси за конституенти на човештвото и истовремено се поставиле себеси како репрезенти на тоа какво треба да биде човештвото наспроти сè останато, и тоа во неговите најфундаментални карактеристики. Така, во исто време тие ги отстрануваат жените и непривилегираните мажи од 'човештвото', и го оправдуваат исклучувањето врз основа на тоа дека тие се по природа, или пак, поради културата (ако воопшто и помислуваат на тоа дека и другите имаат култура), помалку вредни луѓе. Нивната претстава за тоа кој е човек во вистинската смисла на зборот, е истовремено исклучувачка и хиерархиска во однос на оние што ним им се подредени – жените во сите улоги; мажите кои работат мануелни работи, мажите слуги и робови; жените и мажите од многу различни култури» (Minnich, 1990, стр. 37-38, според Patton, 2002, стр. 130). Едноставно кажано, квалитативните методолози во генерализациите гледаат моќно оружје на науката, која преправајќи се дека е вредносно неутрална, наметнува нормаи за тоа што е пожелно/нормално однесување, исклучувајќи ги при тоа сите групи со мала општествена моќ. Иако оваа констатација се однесува всушност на некоректно изведените генерализации, факт е дека огромното мнозинство емпириски студии се правени на селектирани субјекти (пред сè мажи, студенти, белци од средна класа) а наодите потоа се прогласувани за универзални облици на човековото однесување. Раширеноста на ваквата злоупотреба тешко дека може да се оспори (Hollway, 1994, Harding, 1987). Згора на тоа, реалноста убедливо упатува на фактот дека поради практични ограничувања, мнозинството од квантитативните истражувања масовно се спроведуваат повеќе на пригодни примероци отколку на случајно бирани.

Затоа, дел од квалитативно ориентираните психолози, третирајќи го прашањето на генерализација како противречно на конструктивистичката парадигма, се однесуваат како да „единствено нешто што може да генерализираат е дека не генерализираат". Еден од најексплоатираните цитати кој го илустрира овој став е уверувањето на William Blake дека „да генерализираш, значи да бидеш идиот... Генерализираните знаења се тие кои ги поседуваат идиоти" (Blake, цит.

според Gomm, 2000 стр. 22). Истражувачите кои припаѓаат на оваа група, веруваат дека сето она што може се генерализира од индивидуа на индивидуа и од контекст на контекст, е сосема безначајно за да се *разберат значењата* што одредени однесувања ги имаат за луѓето. А разбирањето на значењата, наспроти предвидувањето на однесувањата, е суштинската задача на квалитативно ориентираните психолози. Отсуството на заинтересираност за какво и да е генерализирање, овие истражувачи го објаснуваат со нивната фокусираност на плуралноста на перспективите на луѓето, но и со тоа што наспроти примамливоста на можноста да се генерализираат наодите, „проблемот со нив е што тие едноставно не важат за поединците" (Lincoln & Guba, 1985; стр. 110). Истите автори наведуваат и обемна документација за тоа дека генерализациите застаруваат и со текот на времето стануваат сосема неупотребливи. Одредено време заклучоците релативно добро ја опишуваат популацијата, но набргу важат само како историски вистини. Ова особено важи за појави кои се дел од отворени системи (како меѓучовечките релации) и варираат во поголем степен.

Освен тоа, генерализирањето во квалитативниот пристап е проблематично и од една сосема практична гледна точка. Примероците со кои се работи во рамки на квалитативниот метод се прават такашто генерализирањето на начинот на кој тоа се прави во рамките на квантитативниот метод е неиздржано. Имено, единствен начин на избирање примерок кај квалитативните истражувања е по пат на намерна селекција на испитаниците (единиците на анализа). Сите шеснаесет практикувани стратегии на намерно избирање (Patton, 2002) служат за максимизирање на богатството на детали кои можат да се добијат од испитаниците, но не и за зголемување на веројатноста дека наодите ќе важат за поголема група луѓе. И на крај, не смее да се заборави и дека примероците за квалитативните истражувања се типично многу мали (во спротивно истражувачот буквално би бил претрупан од податоци кои не може да ги совлада) а неретко се составени од само еден случај.

Оттука, во најголем број квалитативни истражувања, токму уникатноста е предмет на интерес. Авторите поаѓаат од тоа дека секоја единка е посебна и воопшто не се занимаваат со проблемот на можноста да се генерализираат наодите, односно, таа можност ја оставаат како отворена за оној којшто ги чита резултатите.

## Алтернативни гледања на можноста за генерализирање

За голем број автори кои се исклучиви во користење на квантитативниот пристап, идејата за номолошки генерализации кои се идеал на раниот позитивизам е застарена. Cronbach, еден од водечките психометричари во дваесеттиот век[2] и неспорен приврзаник на квантитативниот пристап, предлага, наместо терминот генерализација, да се употребува терминот „работна хипотеза“ за да се сугерира кому сè може да му се припишат наодите. Тој бара менување на приоритетите на истражувачот – од настојување да генерализира, во собирање податоци за контекстот. Со зборовите на авторот, идеалното однесување на истражувачот би требало да се состои во преземање на следниве чекори: „обидувајќи се да опише и да води сметка за сè што се случува, истражувачот ќе обрне внимание на варијаблите што ги контролирал, но подеднакво ќе внимава и на неконтролираните услови, персоналните карактеристики и на настаните кои се појавиле за време на мерењето. Како што оди од ситуација во ситуација, негова прва задача е да ги опише и интерпретира ефектите кои се појавиле на секое поединечно место, веројатно земајќи ги предвид факторите коишто се единствени за тоа место и за серијата настани... генерализацијата доаѓа подоцна, а исклучоците се третираат исто толку сериозно колку и правилата“ (Cronbach, 1975; стр. 124-5, цит. според Lincoln Guba 1985; стр.123). Она што е ново во барањето на Cronbach, е инсистирањето на осетливост за контекстот и единственоста – нешта што во рамките на квалитативниот пристап се третираат како „заповеди“ на методот.

Слична резерва околу недвосмисленоста на екстерната валидност дефинирана низ термини на можност за номолошко генералиизрање покажува и Campbell (според Rudin, 2006 и Trochim, 2001) кој предлага замена на терминот генерализација со кованицата „модел на најблиска сличност“. Со моделот на најблиска сличност, истражувачот започнува со промислување на за различните контексти во кои може да се генерализира и со развивање на теорија за тоа кои контексти се слични на оној што се проучува а кои не се. Кога ќе се обезбедат деталите околу тоа во што контекстите се слични а во што не се, всушност се предвидува теориски степен на сличност. Потоа, следува проценката за можноста на генерализација, но генерализирањето никогаш не може да се направи со потполна сигурност (Trochim, 2001).

---

[2] Во втората половина на дваестеттиот век најголемото мнозинство квантнитативно ориентирани истражувачи ја напуштаат „тврдата“ верзија на позитивизам и ги прифаќаат претпоставките на постпозитивизмот. Постпозитивистичкото сфаќање на реалноста неа ја дефинира како делумно зависна и од перцепциите на субјектот. Ставот за истражувањето како потфат кој обезбедува доаѓање до апсолутно вистинити тврдења за реалноста се ублажува и се користат пробабилистички термини.

Во кампусот на квалитативно определените методолози, можат да се забележат неколку ориентации кои се многу блиски на претходно наведените. Guba (1978, стр. 68-70) забележува дека освен крајно скептичната позиција на методолозите кои сметаат дека: „генерализациите се како химера[3] и невозможно е да се генерализира на научен начин", постојат и такви за кои „генерализацијата продолжува да биде важна и треба да се направат напори за да се постигнат нормалните научни критериуми". Квалитативно ориентираните методолози кои не ја отфрлаат сосема идејата за генерализирање, поаѓааат меѓудругото и од тоа дека екстремно партикуларните и специфични знаења немаат голема употребна вредност, односно ја намалуваат трансформациската моќ на квалитативните истражувања. Различни автори предлагаат различни приоди кон решавање на овој проблем. Shadish (1995, според Patton, 2002) предлага дека без разлика дали се работи за експериментално истражување или за натуралистичко посматрање, генерализацијата да се прави водејќи сметка за 5 принципи: (1) најголема можна сличност - се генерализира само кога околностите, луѓето, исходите и третманите се најслични можни до оние од оригиналното истражување, (2) хетерогеност на ирелевантности –ако се идентификуваат неважни елементи во ситуацијата, генерализацијата е дотолку посигурна доколку докажеме дека тие не ја засегаат, (3) дискриминантна валидност – генерализирањето е дотолку посигурно, доколку се докаже дека токму проучуваната појава, а не нешто друго е пресудно за да се добијат токму тие наоди, (4) емпириска интерполација и екстраполација – генерализацијата е сигурна ако може да се специфицираат лицата, контекстите и времињата за кои наодите важат повеќе и оние за кои важат во помал степен, и (5) објаснување – генерализациите се многу посигурни доколку може да се објасни и специфицира кои делови од едната варијабла се поврзани со со делови од другата варојабла и преку кои медијациски процеси се случува поврзувањето. Слично на овој автор, Patton, бранејќи ја можноста за генерализација на наодите од квалитативните истражувања, го користи терминот „екстраполација" под кој подразбира „умерени спекулации за можноста за употреба на наодите на други ситуации под слични, но не идентични услови... и промислени, логички, извлечени од случај и ориентирани кон проблем наместо кон веројатност и статистика" (Patton, 2002; стр. 584).

Eisner пак зборува за „ретроспективна генерализација" која не се однесува на поголем број луѓе за кои наодите може да важат, туку за разбирање на нашите

---

[3] Химера е чудовиште од грчката митологија составено од неколку животни: главата и телото му се лаволики, опашот завршува со змиска глава, од средината на 'рбетот му израснува нешто налик на коза, а од челуста испушта оган. Во преносна смисла се користи за да се означи глупав производ на човечката фантазија.

минати и идни искуства на нов начин (1991, стр. 205). Во последниве неколку години, за генерализирањето во квалитативните истражувања се зборува како за холографски фотографии. Аналогијата пред сè се однесува на тоа дека кај холограмите, информацијата за целината се содржи без остаток во кој и да е од деловите, па затоа, без разлика дали примерокот е репрезентативен во статистичка смисла или не, мора да ги содржи сите информации за целината – проблемот е само во умешноста на истражувачот да дојде до сите податоци.

Најпопуларното гледање на прашањето за екстерната валидност на квалитативните истражувања е она на Lincoln и Guba (1985) кои предлагаат терминот да биде заменет со „трансферабилност". За да обезбеди трансферабилност, квалитативниот истражувач треба да даде што е можно повеќе детални информации за контекстот во кој се добиени податоците како и за начинот на којшто се изведени заклучоците. Степенот на трансферабилност е во директна врска со сличноста помеѓу двата контекста (тој во кој е вршено истражувањето и тој на кој се воопштува). Ова совпаѓање (fittingness) е дефинирано како конгруенција помеѓу контекстите, или „ако контекстот А и контекстот Б се доволно конгруентни, тогаш работната хипотеза од оригиналниот контекст може да биде апликабилна во примачкиот контекст" (Lincoln & Guba, 1985; стр. 124). Одговорноста за тоа колку наодите може да се пренесат на други луѓе, контексти и време, се пренесува на читателот којшто треба да процени до која мера податоците се употребливи. Ова доаѓа оттаму што, според уверувањето на авторите, само читателите имаат доволно информации за деталите на примачкиот контекст, т.е. тој врз кој се генерализира.

Наведените приоди кон процесот на генерализирање, иако потекнуваат од спротиставени методолошки „табори" и се засновани на различни епистемолошки платформи, и најнакрај, носат различни називи, во суштина имаат нешто заедничко – признавањето на можноста да се генерализира и експлицитното тврдење дека можностите на генерализацијата се многу ограничени. Во поново време, постојат и обиди за спојување на стратегиите на квалитативниот и квантитативнот метод во сферата на изведување генерализации. Во таа смисла, Payne и Williams (2005) го предлагаат „модератум" генерализирањето, кое е независно од статистичкиот модел, но комплементарно со него, и се формулира на умерен начин, односно во потесни временски и културални рамки и на потесни заедници и врз оснва на информции за контекстот. Тие генерализации се всушност пропозиции кои може да бидат потврдени или отфрлени преку понатамошни докази, и тоа засновани на статистичка квантитативна анализа, такашто се обединуваат барањата на квалитативниот пристап и на квантитативната доктрина.

## ЛИТЕРАТУРА


Brewer, M. B. (2000). Research Design and Issues of Validity. In H. T. Reis and C. M Judd, (Eds.). *Handbook of Research Methods in Social and Personality Psychology*, Cambridge University Press: Cambridge, стр. 3-16

Freeman, M. *et. al.* (2007).Standards of Evidence in Qualitative Research: An Incitement to Discourse. Educational Researcher, 36/25, стр. 25-32

Golafshani, N. (2003). Understanding Reliability and Validity in Qualitative Research. *The Qualitative Report*, 8/4, 596-607

Gomm, R. (Ed.) (2000). *Case Study Method.* London: Sage

Grenwood, J. (1994): *Realism, identity and emotion.* London: Sage

Guba, E. G. & Lincoln, Y. S. (1994). Competing Paradigms in Qualitative Research. Vo N. K. Denzin & Y. S. Lincoln (Eds.) *Handbook of Qualitative Research*, Thousand Oaks: Sage Publications, 99-105.

Guba, E. G. (1978). *Toward a Methodology of Naturalistic Inquiry in Educational Evaluation.* CSE Monograph Series in Evaluation no 8.Los Angeles: Center for Study of Evaluation

Harding, S. (1987). *Feminism and Methodology: Social Science Issues.* Bloomington: Indiana University Press

Hollway, W. (1994). Beyond Sex Differences: A Project for Feminist Psychology. *Feminism and Psychology*, 4, стр. 538-546

Kaplan, A. (1964). *The Conduct of Inquiry.* San Francisco: Chandler

Lincoln, Y. S. & Guba, E. G. (1985). *Naturalistic Inquiry.* London: Sage Publications

Patton, M. Q. (2002). *Qualitative Research and Evaluation Methods.* Thousand Oaks: Sage Publications

Payne, G. & Williams, M. (2005). Generalization in Qualitative Research. *Sociology*, 39/2, стр. 295-314

Rudin, L. P. (2006). You Can Generalaze Stupid! Socal Scientists, Bent Flyvbjerg and Case Study Methodology. *Qualitative Inquiry.* 12/4, стр. 797-812

Stojnov, D. (2001). Konstruktivistički pogled na svet: Predstavljanje jedne paradigme. *Psihologija.* 1-2, стр. 9-48

Trochim, W.M.K. (2001). *The Research Methods: Knowledge Base*, Cincinnati, OH: Atomic Dog Publishing

Whittemore, R., Chase, K. S. & Mandle, L. C. (2001). Validity in Qualitative Research, *Qualitative Health Research, 11/4,* 522-537

Кениг, Н. (2008). *Квалитативни методи на истражување.* Скопје: Филозофски факултет

Петроска – Бешка, В. (1994). *Методологија на експерименталните истражувања во психологијата.* Скопје: Малинска

Хардинг, С. (2005). *Дали науката е мултикултурна? Постколонијализам, феминизам и епистемологија.* Скопје: Сигмапрес

Nikolina KENIG

**Abstract**

The article discusses the differences between the advocates of quantitative method and those oriented towards the qualitative approaches in the domain of psychology. The author explains the assumptions that generate opposite views among the two methodological campuses regarding the issue of generalizing, as well as concerning the implications of its (mis)use upon the policies that regulate human relations. Finally, the alternative strategies for generalizing are presented. It is believed that these strategies brings together the two methodological approaches by making the certainty of generalization among the quantitative methodologists being less absolute and by recognizing the importance of generalizing for the intervening processes among the qualitative methodologist.

***Key words***: *GENERALIZATION, QUALITATIVE METHOD, QUANTITATIVE METHOD, EXTERNAL VALIDITY, TRANSFERABILITY*